Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 106, 12 јули 2013 година

јули 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за доделување на звањето почесен професор на науки од подрачјето на музичката уметност на редовен професор Бисерка Цвејиќ на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област вентилација и техничка заштита на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област физиологија на растенијата на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област експлоатација на неслоевити лежишта на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област градинарство/зеленчук на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област применета математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслов на трудот: „Економско-финансиски лексикон“ од авторите проф. д-р Ристо Фотов, проф. д-р Толе Белчев, м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Елена Веселинова при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 87

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 89

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР НА НАУКИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР БИСЕРКА ЦВЕЈИЌ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

На својата 80-та редовна седница, одржана на 25.6.2013 година, Универзитетскиот сенат на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип избра Рецензентска комисија за доделување на звањето почесен професор на науки од подрачјето на музичката уметност на редовен професор Бисерка Цвејиќ, во состав:

- редовен професор Милка Ефтимова, претседател;
- редовен професор Јасминка Чакар, член;
- редовен професор Милица Шкариќ, член.

Врз основа на биографските податоци на кандидатката (академски истакнувања, академски интереси, искуство, публикации итн.) го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Проф. Бисерка Цвејиќ** е родена во Далмација, а потоа со родителите се преселува во Белгија. Започнува да пее во црквата каде што ѝ советувале да студира пеење. По Втората светска војна се враќа во Југославија. Се запишува на Музичката академија во Белград, во класата на познатиот тенор професорот Јосип Ријавец. Директорот на Белградската опера Оскар Данон ѝ понудува постојан ангажман. На сцената на оваа оперска куќа дебитира во 1950 година. Прва главна улога ѝ е улогата на Шарлота во операта „Вертер“ (1954). Со улогата Еболи во операта „Дон Карлос“ постигнува голем успех.

Со Белградската опера оди во Виена во 1961 година, каде што учествува во снимањето на операта „Војна и мир“ од Сергеј Прокофјев. На аудицијата во Виена ги пее сцените во судницата од „Аида“ и аријата на Еболи од „Дон Карлос“. По шест месеци добива покана од Виенската државна опера да ја замени славната мецосопран Ѓулиета Симионато. Доживува голем успех на сцената на оваа оперска куќа. Добива и ангажман од тогашниот директор славниот диригент Херберт фон Карајан, а нивната соработка ќе трае до 1979 година. Во Виенската државна опера настапува дваесет години како водечки мецосопран. Ја добива и титулата Камерзенгер на Виенската опера. Толкува 25 улоги и има околу 370 претстави.

На нејзиниот настап во Сплит диригира Курт Адлер од Метрополитен опера. По успешната претстава, од него добива и покана да гостува во оваа оперска куќа и соработката со оваа водечка оперска куќа ќе трае од 1961 до 1968 година. Следуваат настапи во Минхен, Берлин, Барселона, Неапол, Верона, Москва, Лондон, Токио, Буенос Аирес. Во Миланската скала дебитира во јануари 1970 година во улогата на Далила во операта „Самсон и Далила“.

Нејзини најзначајни улоги се: Кармен, Амнерис, Еболи, Асучена, Брангене, Фрика и Далила.

Критичарите ја опишувале како Вердиев мецосопран, суверена пејачка, со воедначен младешки свеж глас. Нејзините интерпретации се опишани како префинети. Совршено владее и со јазикот на француските оперски ликови.

Од оперската сцена се повлекува во полна сила во 1978 година. Вкупно има остварено 77 мецосопрански улоги во речиси 1.800 изведби на оперските сцени во целиот свет.

Во последните дваесет години работи како професор по соло пеење на Факултетот за музичка уметност во Белград, а подоцна и во Уметничката академија во Нови Сад. Доделена ѝ е академската титула професор емеритус, со која ѝ се овозможува да предава на ФМУ Белград до крајот на својот живот.

Заедно со нејзиниот сопруг, Душан Цвејиќ, е автор на книгата „Уметност на пеењето”.

Највисоката награда на Франција „Легија на честа“ и е доделена во 2001 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци за постигнувањата во областа вокално пеење, за нејзиниот придонес во развојот на уметничката дејност на Факултетот за музичка уметност, за нејзиното залагање за афирмирање на Република Македонија, како и нејзината улога во развојот на македонската уметност Бисерка Цвејиќ во целост ги исполнува сите суштински и законски критериуми, согласно со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Правилникот за доделување на почесни академски титули на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за доделување на звањето почесен професор на науки од подрачјето на музичката уметност.

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на кандидатката Бисерка Цвејиќ да ѝ се додели звање почесен професор на науки од подрачјето на музичката уметност.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Редовен професор Милка Ефтимова, претседател, с.р.**
**Редовен професор Јасминка Чакар, член, с.р.**
**Редовен професор Милица Шкариќ, член, с.р.**